**Република Северна Македонија**
**Основен суд Охрид**
**Су-07.бр.34/22 -1**
**04.10.2022 година**
**Охрид**

Судскиот администатор на Основниот суд Охрид, Борче Мирчески, врз основа на член 36 став 1 од Законот за судска служба *(Сл. Весник на РМ, бр.43/14 од 04.03.2018 година, бр.198/18 од 31.10.2018 година),* врз основа на објавен оглас број 3/22 на Основниот суд Охрид, Су-04.бр.35/22 од 15.08.2022 година, а по спроведената постапка за вработување на судски службеник, Помлад судски соработник, еден извршител, на ден 04.10.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## - за избор на Помлад судски соработник –

Судскиот администратор на Основниот суд Охрид, Борче Мирчески, врз основа на Конечната ранг листа **Су-04.бр.35/22-1.4 од 30.09.2022 година**, и предлог на кандидат за вработување, **Су-04.бр.35/22-1.5 од 03.10.2022 година**, доставени од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник во Основниот суд Охрид за работното место Помлад судски соработник, еден извршител, **ГО ИЗБИРА** кандидатот:

**- Ангела Младеновска, со шифра ОСОВ403.**

По конечноста на оваа одлука за избраниот кандидат ќе биде донесено Решение за засновање на работен однос за работно место Помлад судски соработник во Основниот суд Охрид.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Основниот суд во Охрид, објави јавен Оглас за вработување на судски службеник, Помлад судски соработник, бр.03/22, заведен под Су-04.бр.35/22 од 15.08.2022 година, во дневите весници „НОВА МАКЕДОНИЈА“ и „КОХА“.

Од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник, во Основниот суд во Охрид, до Судскиот администратор, после спроведувањето на постапката за вработување, согласно член 35 став 1 од Законот за судска служба, беше доставена Конечната ранг листа **Су-04.бр.35/22-1.4 од 30.09.2022 година**, од постапката за вработување и предлог на кандидат за вработување, **Су-04.бр.35/22-1.5 од 03.10.2022 година**, за работното место Помлад судски соработник, еден извршител.

Со предлогот, Комисијата, на Судскиот администратор, согласно член 35 став 1, му го предложи најдобро рангираниот кандидат за работното место Помлад судски соработник, еден извршител, и тоа кандидатот Ангела Младеновска, со шифра ОСОВ403.

Судскиот администарот, имајќи ги во предвид Конечната ранг листа и предлогот на кандидат за вработување, доставени од Комисијата, а постапувајќи согласно член 36 став 1 од Законот за судска служба, го изврши следниов избор:

**За работното место Помлад судски соработник во Основниот суд Охрид, еден извршител, го избира кандидатот Ангела Младеновска.**

При изборот на кандидатот, Судскиот администарот ја имаше предвид Конечната ранг листа и предлогот од Комисијата, остварените резултати од административната селекција, покажаните резултати од стручниот дел од испитот, познавањето на странскиот јазик, како и од интервјуто спроведено од страна на Комисијата врз основа на што ја донесе оваа одлука.

**ОД ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД, на ден 04.10.2022 година.**

**Судски администратор,**
**Борче Мирчески**

**ПОУКА**: Кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку овој суд до Советот на судкса служба, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

**Д-на:** Ангела Младеновска од Охрид,

- на Веб страната на судот.
- до кандидатите од Ранг листата кои не се избрани